Врз основа на член 89 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/2019, 256/2020 и 65/2021), Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 7 декември 2022 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.45/21 од 20 јануари 2021 година, Су.бр.45/21/2 од 24 јуни 2021 година и Су.бр.69/2022 од 24 јануари 2022 година, во член 11 табелата се менува и гласи:

| Звање | Систематизирани работни места со број на извршители |
|---|---|
| Секретар на Уставниот суд | 1 |
| Советник на Судот | 19 |
| Самостоен советник | 11 |
| Советник | 12 |
| Стручен соработник | 1 |
| Административен работник | 19 |
| Технички работник | 10 |
| Вкупно: | 63 |

### Член 2

Во работното место под реден број 27 (административен работник-архивар) во делот „Работни задачи и обврски", по алинејата 10 се додаваат четири нови алинеи 11, 12, 13 и 14 кои гласат:

„-врши умножување на материјали за потребите на Судот и се грижи за исправноста на апаратите со кои ракува;

-редовно врши прием на поштата која што е доставена до Судот;

-примената пошта во Судот ја распоредува навремено;

- врши интерна достава на документи и материјали во Судот; и“, а досегашната алинеја 11 станува алинеја 15.

**Член 3**

Во работното место под реден број 30 се менува називот на работното место и истото гласи: „технички работник-економ“, во делот „Работни задачи и обврски“ алинеите 1, 2, 3, 4 и 5 се бришат, а досегашните алинеи 6, 7, 8, 9 и 10 стануваат алинеи 1, 2, 3, 4 и 5.

**Член 4**

Во работното место под реден број 34 се менува називот на работното место и истото гласи: „технички работник - возач и доставувач“, во делот „Работни задачи и обврски“ по алинејата 6 се додаваат нови алинеи 7 и 8 кои гласат:

„-врши преземање и испорака на поштата до Судот и од Судот до соодветните институции;

-врши испорака на писма и друг вид на пошта која што е од итен карактер;“, а досегашната алинеја 7 станува алинеја 9.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Су.бр.** 1089/22
**7 декември 2022 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Уставниот суд Скопје на**
**Република Северна Македонија,**
Добрила Кацарска